Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 14.10.2025
Орг. Един. / Nj. Org.: 09 | Број: / Numri: 1/19 | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë:

Упр 18

УПРЖ.бр.44/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: м-р Виолета Илиевска - претседател на советот и судиите м-р Емрије Зубери Амити и д-р Субхи Јакупи членови на советот, со записничар Ивица Наумоски- судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Полог - Кочани, изјавена преку полномошник Адвокат Методи Поп Методиев од Штип, против Пресудата на Управниот суд УПРК.бр.12/2024 од 25.11.2024 година, за прекршок од заштита на конкуренцијата, на седницата на советот одржана на ден 14.07.2025 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Полог - Кочани, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд УПРК.бр.12/2024 од 25.11.2024 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда УПРК.бр.12/2024 од 25.11.2024 година тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани, за поништување на Заклучокот на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-23/6 од 08.07.2024 година, ја одбил како неоснована. Истовремено, судот со решение барањето на тужителот да се задолжи тужениот орган да му ги надомести трошоците сторени во управниот спор во вкупен износ од 22.138,00 денари го одбил како неосновано, односно одлучил секоја странка да ги сноси своите трошоци во постапката.

Против пресудата на Управниот суд, жалба изјави тужителот преку својот полномошник поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување на првостепениот суд.

Во одговор на жалба тужениот орган наведе дека одлуката на Управниот суд е законита, притоа укажувајќи на одредби од материјалното право од кои неспорно произлегува дека нема основ за поведување на прекршочна постапка. Истовремено предлага жалбата да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд, по проучување на списите на предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорот на жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 79 став 1 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата на тужителот е неоснована.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд по одржана јавна расправа на која ги извел предложените докази правилно утврдил дека Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани на ден 21.12.2022 година поднел Барање за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-43/1 против Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани, заради утврдување на сторен прекршок од член 59 став 1 точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во врска со член 7 став 1 точка 1 и член 11 став 1 и став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Ова од причина што Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани на ден 30.11.2022 година доставил Договор за снабдување со геотермална вода до Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани, каде во член 4 е предвидено дека корисникот има на знаење и е согласен да се изврши прекин на испорака на топлинската енергија, а штетите настанати по тој основ да бидат на терет на корисникот во случај на ненавремено обезбедување на плаќање на обврските по основ на испорачаната топлинска енергија. Исто така во член 6 било предвидено дека доколку корисникот не ги измирува редовно достасаните обврски по основ на испорачаната геотермална вода во согласност со условите од овој член испорачателот ќе изврши прекин на испораката на геотермална вода, а настанатите штети ќе паднат на терет на корисникот.

Подносителот на барањето на ден 22.12.2022 година по електронски пат со допис ПП.бр.09-26/2 до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренција најнапред доставил дополнување на Барањето за поведување на прекршочна постапка ППбр.09-43/1 од 21.12.2022 година, со прилози, а потоа на ден 23.11.2023 година доставил дополнување на барањето за поведување на прекршочна постапка, во кое навел дека Комуналното јавно претпријатие „Водовод" - Кочани повторно го имал доставено истиот циркуларен образец како договор за грејната сезона 2023/2024 година, со исти одредби и цени користејќи ја својата монополска позиција на пазарот како единствен можен снабдувач со геотермална вода. Потоа Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани со ургенција од 29.05.2024 за постапување на органот и дополнување на ургенција од 05.06.2024 година укажал дека има неоправдано покачување на цената на геотермалната вода од страна на Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани.

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на постапувајќи по Барањето ПП.бр.09-43/1 од 21.12.202 година донела Заклучок ПП.бр.09-23/6 од 08.07.2024 година, со кој ова барање поднесено од Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог – Кочани против Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани, за утврдување на сторен прекршок од член 59 став 1 точка 1- склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на на член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата и за сторен прекршок од член 59 став 1 точка 2- стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 став 1 и став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата се отфрла, согласно член 37 став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, од причина што не постојат законски услови за поведување на постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не е прекршок.

Во образложението на Заклучокот Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренција навела дека постапувајќи по поднесеното барање утврдила дека Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани во извршување на дејноста од јавен интерес, снабдување со топлинска енергија од геотермална вода, при склучување на Договорот за снабдување со геотермална вода со Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани ги има испочитувано принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, а единствено само заради ненавремено плаќање на обврските од корисникот на услугите Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани би вршел прекин во снабдувањето со геотермална вода и би се ослободил од одговорност за надомест на штета. Според наоѓање на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренција, одредбите од член 4 и член 6 од Договорот се оправдани и не се во спротивност на член 7 став 1 точка 1 и член 11 став 1 и став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, од причини што ниту еден корисник на услуга не може да биде амнестиран од обврските кои што му произлегуваат од користењето на одредена услуга, а јавното претпријатие има легитимно право доколку не бидат платени фактурите во предвидениот рок, да прекине со испораката на услугата.

Незадоволен од вака донесениот Заклучок ПП.бр.09-23/6 од 08.07.2024 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, тужителот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог – Кочани, повел управен спор.

Управниот суд со Пресуда УПРК.бр.12/2024 од 25.11.2024 година тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани, за поништување на Заклучокот на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-23/6 од 08.07.2024 година, ја одбил како неоснована. Истовремено, судот со решение барањето на тужителот да се задолжи тужениот орган да му ги надомести трошоците сторени во управниот спор во вкупен износ од 22.138,00 денари го одбил како неосновано, односно одлучил секоја странка да ги сноси своите трошоци во постапката.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренција (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.145/2010...83/18), забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласеното однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: 1) директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување.

Согласно член 11 став 1 и 2 од истиот закон, забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел. Злоупотребата од ставот (1) од

овој член особено постои во случај на: 1) директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување;

Согласно член 30 став 1 истиот закон за прекршоците определени во овој закон, прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок.

Согласно член 32 став 1 од истиот закон прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршок се поведува по службена должност, по барање на генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата или по барање на физичко или правно лице кое има легитимен интерес за утврдување на постоење на прекршок.

Согласно член 37 став 1 од истиот закон ако Комисијата за одлучување по прекршок утврди дека не постојат законски услови за поведување постапка, барањето од член 34 од овој закон ќе го отфрли со заклучок.

Согласно став 2 од истиот член, не постојат законски услови за поведување на постапка доколку: 1) дејствиeто опишано во барањето не е прекршок; 2) барањето го поднело лице кое нема легитимен интерес за утврдување на прекршок; 3) барањето не е поткрепено со докази; 4) настапила застареност на прекршочното гонење; 5)однесувањето кое е предмет на барањето не доведува до значително нарушување на конкуренцијата или 6) доколку не постои јавен интерес за водење на прекршочна постапка.

Согласно став 3 од истиот член, против заклучокот за отфрлање на барањето од став (1) од овој член не може да се поднесе жалба. Против таквиот заклучок може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред судот надлежен за одлучување по управен спор во рок од 8 дена од денот на приемот на заклучокот.

Согласно став 4 од истиот член, заклучокот од став (1) од овој член не мора да содржи оценка на секој навод содржан во барањето за поведување постапка, но мора да содржи јасно наведени причини за отфрлање на барањето.

Согласно член 170 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21 Давателот на водостопански услуги може да го исклучи од мрежата корисникот на услугата, доколку:1) тоа е потребно за вршење на неопходни работи и 2) корисникот на услугата кој е информиран дека треба да ги плати трошоците и има разумен рок за тоа, тој тоа не го сторил во определениот рок.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд со донесување на одлуката не го повредил законот на штета на тужителот.

Овој суд најде дека најнапред тужениот орган на целосно и правилно утврдена фактичка состојба правилно го применил законот.

Имено, тужениот орган Заклучокот ПП.бр.09-23/6 од 08.07.2024 година го донел во со закон утврдената и спроведена постапка, во смисла на одредбите од член 37 од Законот за заштита на конкуренција од причина што постапувајќи

по Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-43/1 од 21.12.2022 година врз основа на приложените докази било утврдено дека не постојат законски услови за поведување постапка.

И овој суд смета дека договорните одредби внесени во Договор за снабдување со геотермална вода од 30.11.2022 година, односно одредбите на кои се повикува тужителот: членот 4 и членот 6 од Договорот се оправдани и не се во спротивност на член 7 став 1 точка 1 и член 11 став 1 и став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ниту еден корисник на услуга не може да биде амнестиран од обврските кои што му произлегуваат од користењето на одредена услуга, а јавното претпријатие има легитимно право доколку не бидат платени фактурите во предвидениот рок, да прекине со испораката на услугата.

Од друга страна судот го имаше во предвид и членот 12 од Законот за облигациони односи „Службен весник на Република Македонија" бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21 и 154/23) каде е предвидено дека во засновувањето на облигационите односи и остварувањето на правата и обврските од тие односи, субјектите се должни (кога со вршењето на својата дејност непосредно задоволуваат потреби на граѓаните), своите права и обврски да ги уредуваат и вршат на начин со кој се обезбедува почитување на основните права на потрошувачите и корисниците на услуги утврдени со овој закон, друг закон и меѓународните договори ратификувани од Република Македонија.

Во конкретниов случај Комуналното јавно претпријатие „Водовод" Кочани не постапило незаконито, ниту ја искористило својата монополска позиција, туку постапило како јавно претпријатие кое е должно да ги извршува со закон утврдените обврски согласно закон, статут, како и согласно другите општи акти. Од друга страна и овој суд се согласува со Управниот суд кој смета дека предметните договорни одредби претставуваат еден вид на исполнување на зконскиот механизам за уредување на меѓусебните односи на страните во случај на неподмирување на обврските од страна на корисникот на услугата кој е должен да ги исполнува своите обврски кои произлегуваат не само по закон, туку и предвидени во Договорот.

Вишиот управен суд ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека неправилно и нецелосно е утврдена фактичката сосојба, односно дека КЈП „Водовод" Кочани искористувајќи ја својата доминантна пзиција наметнува одредби со кои заради ненавремено плаќање на обврските од страна на тужителот за испорачана точлинска енергија се ослободува од одговорност за надомест на штета поради прекин во снабдувањето со геотермална вода, дека истите се неприфатливи, дека е во спротивност со принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитетот и квалитетот на услугата, транспарентноста, достапноста и универзалната услуга, заштита на корисниците и потрошувачите кои се загарантирани со членот 2 од Законот за јавни претпријатија. Од друга страна за тужителот било неприфатливо образложението на првостепениот суд дека во конкретниов случај станува збор за облигационен однос кој ги уредува меѓусебните односи на двата субјекти од кои произлегуваат прав и обврски, па странките кои доброволно пристапиле кон склучувае на договорот се должни да ги почитуваат и да ги исполнуваат неговите одредби од моментото на неговото склучување. Исто така тужителот

во жалба истакна дека е неправилно применет материјалниот закон, односно членот 7 став 1 точка 1, членот 59 став 1 точка 2 во врска со членот 11 став 1 и став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Овој суд Судот смета дека ваквите наводи не се основ за донесување на поинаква одлука, согласувајќи се во целост со причините наведени во образложението на првостепената одлука, а притоа посебно имајќи го во предвид и членот 170 од Законот за водите каде е предвидено кога може давателот на водостопански услуги да го исклучи од мрежата корисникот на услугата.

Имајќи го во предвид горе наведеното овој суд жалбата на тужителот ја одби како неоснована.

Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата согласно член 80 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 14.07.2025 година под УПРЖ.бр.44/2025.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/ВМ

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник